# Living the Lotus

## Buddhism in Everyday Life

6
2024
VOL. 225




2024 Northern California Cherry Blossom Festival
Rissho Kosei-kai Members in North America
Participate in the Grand Parade in San Francisco

**Living the Lotus**
**Vol.225 (Јуни 2024)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада, Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: ливинг.тхе.лотус.рк-интернатионал Жкосеи-каи.ор.јп
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопѕ Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме наште животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Живеејќи со смирен и спокоен у

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



**‘Јас би сакал да можев да живеам вака’**

Наскоро ќе биде сезона во Јапонија кога светло зелените лисја, испрани од дождот, го привлекуваат окото. Како што влажноста и температурите растат, сепак, дождливата сезона може исто така да ги придуши нашите умови и да направи да се чувствуваме мрачни, и затоа ајде да се обидеме барем да ги одржиме нашите умови јасни и весели.

Пред некој ден, јас наидов на прекрасна книга со поезија насловена како Сукојака ни, одајака ни, шинајака ни (Здрав, спокоен и флексибилен), (Токио, Косеи Издавачка Куќа, 2006). Во неа, поетот Шунтаро Таникава (р. 1931) слободно ги изразува, на Јапански, неговите импресии на пасуси од Енглески превод на Дамапада. Еве поема од неговата книга:

Смирено
Ако сте во потрага по задоволство
Вие можете само да останете со тага,
И ако се занесете во тоа премногу,
Вие можете да добиете болка вечно.
Во ум кој нема што да изгуби,
Радоста тече слободно.
Лутината ќе го стесни вашиот поглед,
И ќе го затвори вашиот ум.
Ароганцијата ќе ве врзе долу
И ќе го ограничи вашиот ум.
Затоа нека вашиот ум биде спокоен
И безгрижен, флексибилен, и весел.

Промотивната реклама за оваа книга само вели, ‘Јас би сакал да можев да живеам вака,’ и јас чувствувам дека тоа е точно тоа што го објаснува.

Спокоен, безгрижен, и среќен. Ако ние можеме да живееме вака, навистина нашите умови секогаш ќе бидат чисти, весели, и спокојни – и ова е секако патот да се водат спокојни секојдневнии животи без приврзаности, каења, или грижи.

## Затоа што ние имаме желба да се подобриме себеси

Будизмот е наречен 'ненадминато учење,' и се разбира дека ние можеме да го прифатиме тоа како нај одлично учење. Кога тоа е кажано, ние треба не само да го почитуваме тоа со благодарност; ние треба исто да го прифатиме тоа како учење кое – без оглед колку многу ние го проучуваме тоа – нема ограничување или крајна точка така да ние продолжуваме да ги култивираме нашите умови како што го применуваме тоа што го имаме научено во секојдневна пракса. Јас мислам дека ова е како ревносното практикување нѐ води кон спокој.

Религиозната верба е значајна прецизно заради тоа што нашите физички дела се нејзини конкретни манифестации. Заради тоа, нашата ревносна пракса ја зема формата на применување на учењата кои ние ги имаме научено во сите наши секојдневни дела преку бивање љубезен, покажувајќии обзирност кон другите, и комуницирајќи со другите весело и топло. Акумулирање на такви моменти ни носи мир на умот ден по ден.

Иако ние велиме 'примени ги учењата кои ги имаш научено,' некои луѓе можат да бидат збунети во врска со тоа што да се чува на ум и како тоа да се примени во нивната секојдневна пракса. Јас мислам дека тоа е до секој од нас да утврди што ревносна пракса значи, во зависност од нашите сопствени концепти на идеална личност и нашите аспирации да водиме  ваков вид на живот или да станеме ваков вид на личност.

На пример, правејќи напор да се остане здрав со цел да се комплетираат вашите одговорности секој ден е форма на ревност која кореспондира на правење на нематеријани донации, како правење на волунтерска работа. И додека никој неможе да живее без повремено да биде на товар на другите, вежбањето на самоограничување да не се биде товар е изведување друга форма на ревност. Преку секогаш прифаќање на, со благодарност и радост, не само на платена работа туку и на чување деца и такви секојдневни домашни работи како кување и перење алишта, вие исто така изведувате прекрасна форма на ревност. Со други зборови, јас мислам дека ревносното практикување во секое нешто кое го правите во правецот на вашите секојдневни животи кое доаѓа од желбата да се подобрите себеси и да го следите тој стремеж; тоа за возврат ви дава радост и спокој на умот.

(Од *Косеи*, Јуни  2024)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Станувајќи членови на Ришо Косеи-каи

### Ценејќи ги нашите претци

Сокаимјо, натпис кој е вграден во домашниот молитвеник на секој член, ги содржи посмртните имиња за сите духови на фамилијарните претци. Сокаимјо симболизира еден од примарните цели на нашата верба исто како и да ни го покаже бодисатва патот за нас да можеме да го оствариме тоа. Секој од нас има родители, баби и дедовци, прабаби и прадедовци, и претци далеку позади нив. Заради ова, постои голем број на претци кои го пренеле подарокот на живот на нас. Благодарение на сите нив, ние сме живи сега. Некој ден во иднината, ние ќе бидеме наречени претци исто така. Ова е начинот на кој животот е пренесуван до следната генерација. Кога ни е даден овој факт, мора да се каже, многу е чудесно што ние сме живи денеска.







* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Поврзувајќи ги луѓето со Дармата (*Мичибики*)







Како што Будините учења се шират по широко и бројот на луѓето кои ги практикуваат нив се зголемува, многу повеќе луѓе водат среќни животи, и заради тоа, нашето општество станува посветло. Заради оваа причина, ние треба да ги поврземе луѓето со Дармата преку препорачување на учењата на Лотос Сутрата на нив така да тие можат да живеат во согласност со Дармата. Тоа е нашето практикување на мичибики.

Преку објаснување на учењата на Лотос Сутрата на другите, ние можеме да ги препознаеме точките кои ги немаме целосно разбрано, исто како и желбите и делувањата на Будата.

Мичибики е драгоцено дело кое ги води другите кон исправниот пат и создава посветло општество. Во истото време, тоа е значајна пракса која ни овозможува на нас да ги разбереме учењата и да растеме духовно.

# Луѓето кои служат во улоги

## Улогата дадена на вас од Будата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Делата кои им користат на другите не само што имаат позитивно влијание на другите луѓе; тие неизбежно исто водат кон ‘сопствена корист.’ Тоа значи дека тие допринесуваат кон нечие сопствено добро. Тоа е затоа што како вие акумулирате дела на алтруизам, вие постепено го воздигнувате вашиот сопствен карактер чекор по чекор.

Тоа е исто со улогите во Дарма центарот. Дури и вие да имате мала улога, кога вие го изведувате тоа најдобро што можете, неискажлива радост извира во вас. Тоа е затоа што како вие ја исполнувате вашата улога, вие сосема ги чувствувате работењата на Будината Дарма во вашиот живот. Повеќе од тоа, таа улога ве носи чекоор поблиску до највисокиот идеал за човечко битие, состојбата на будаство. Заради тоа јас сакам гласно да објавам дека исполнувањето на улогата значи давање и примање на корист, и тоа што е повеќе, прегрнувањето на вашата улога е самото разбудување!

Во реалноста, некои луѓе наоѓаат дека нивните улоги се проблематични или се двоумат да ги прифатат нив, мислејќи ‘Можам ли јас да извршам таква важна улога?’ Сепак, тоа е прецизно во оваа точка кога ние ја откриваме заслугата на вербата преку радосно прифаќање и прегрнување на улогите кои Будата ни ги дал на нас. Тие кои имаат доверба во Будината Дарма и стремат да исполнат секаква улога и покрај сите препреки напредуваат стабилно кон ослободување.

Зен мајсторот Доген, во една од неговите дела, Насоки за проучување на патот, го кажува тоа вака: ‘Луѓето денеска велат дека некој треба да го практикува тоа што е лесно за практикување. Тие зборови се целосно погрешни. Тие не се во согласност со големиот Буда Пат.’ Идејата дека е подобро да се култивираат лесни практикување е некомпатибилна со Патот на Будата. Вложувајќи го сопствениот најголем напор да се исполни улога која изгледа над сопствените способности – тоа е она што е во согласност со Буда Патот и како вистинската заслуга е стекната. Јас се надевам дека вие ќе најдете одредено време за длабоко да размислите за овие зборови на Доген.






## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**twitter**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : [living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp](mailto:living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp)